# ДРАГУТИН АВРАМОВСКИ-ГУТЕ

М У З Е Ј Н А
С О В Р Е М Е Н А
У М Е Т Н О С Т
СКОПЈЕ 20-V-1966

# ДРАГУТИН АВРАМОВСКИ-ГУТЕ

С Л И К И
Г Р А Ф И К А
Ц Р Т Е Ж И

Првата самостојна изложба на Драгутин Аврамовски — Гуте се опира на десетгодишно ликовно творештво: достатен период време за да се вообличат битните белези на дадена уметничка физиономија. Многустрано ангажиран и присутен во нашиот ликовен живот со богат регистар афинитети и остварувања, Аврамовски — Гуте е претставник на една значајна генерација во современата македонска ликовна уметност: генерација, која по војната се школуваше во Уметничката школа во Скопје и во академиите на Белград, Љубљана и Загреб. Така и Аврамовски на загрепската Академија за применета уметност ги оформи своите први ликовни откривања на светот.

Овој уметник се најави во нашата ликовна атмосфера со графички творби обликувани со постапка што условно може да се означи како интерпретирана фигурација. Уште во тие први чекорења по патеката на ликовниот израз, Аврамовски го придружува еден карактеристичен белег: сѐ што му го нуди амбиентот на неговата творечка и животна егзистенција станува потенцијален чинител или учесник во ликовното обликување на естетско-емоционалното доживување. За него со право е речено дека е „сликар . . . од оние кои повторно го откриваат и вљубенички го допираат јадрото на поднебјето, разоткривајќи ги обвивките на попатните видувања и продирајќи кон ликовна синтеза на светот чии што елементи се состојат од биоморфните облици на едно тло и од прастарата симболика на сонштата на неговите жители“ (В. Урошевиќ).

Аврамовски се вклучува така во плеадата млади современи македонски уметници низ чие творештво се извршуваше пресвртниот, мошне значаен и далекусежен процес на раѓање, градење и обликување на современиот македонски ликовен израз: како синтеза и резултанта на неколку основни составки. Едната од нив е токму настојувањето на младите македонски уметници да се здобијат со највисоко можно професионално образование во земјата и во странство. Потоа, зародени уште во академските училници и ателјеа: а сѐ понагласената отвореност за бесконечната низа влијанија, поуки, угледувања и асимилирањето на странски ликовни остварувања и естетско — ликовни светови. На крајот, сѐ поголемиот интерес и приемчивост (наедно со зголемената критичност спрема ликовните постапки родени во други ликовни средини) и за поуките, за вредностите содржани во комплексната културна и ликовна традиција на Македонија. Скоро еднозначно по своите општи белези е и сѐ потворечкото, преобразувачко, често во изразено апстрактни ликовни проседеи, интимно општење со етничката, психолошка и амбиентална карактеристичност на оваа земја. За уметноста на Аврамовски битна е и некаква атавистичка, сензуална стопеност со атмосферата на Медитеранот: тој е од оние македонски уметници кои како во крвта да ја наследиле древната, паганска сроденост со земјата и, воедно, сета митска, симболична и поетска фантазија на антиката.

Вкрстувањето и судрувањето на толку хетерогени поттици доведуваат несомнено и до мигови на амбивалентност, недореченост и несигурност во непосредната ликовна постапка. Основниот судир е токму меѓу слоевитоста на сите импулси и влијанија што се поврзани со една потесна традиционална опстановка и привлечноста на современите животни и уметнички токови. Овој јазелен проблем во структурирањето на современиот македонски ликовен израз е содржан имплицитно во графичкото, сликарското и цртачкото творештво на Аврамовски. И кај него пробива драматичноста на феноменот што значи временски краткотраен, поради тоа немирен, напнат и силовит премин од предверието на современ ликовен

израз, кон страсното, грчевито, понекогаш изнасилено вклучување во комплексната и често противречна, драма на уметноста на XX век. Да потсетиме дека ваков процес кај нас никогаш не беше и не е ни денес сосема еднозначно оценуван, подржуван и прифаќан. Во примерот на Аврамовски затоа делуваат логично последователната еволуција на неговата ликовна постапка, што се развива како процес на преобликување и анализа на дадено ликовно остварување: за потоа да се изврши синтеза меѓу неговите битни, внатрешни составки и една нова ликовна окупација, поттик или настојување. Така Аврамовски во своето творештво минува низ неколку фази низ кои разновидно се остварува како творешки потенцијал.

Наш несомнено најистакнат и најплоден графичар, Аврамовски во своите почетоци низ графиката се изразуваше со облици градени со нагласена архаична и експресионистичка стилизација. Формите имаа функција на симболи за нештата, животните, предметите, луѓето, се јавуваа како нивен ликовно-иконичен дијаграм; се поставуваа во композициски односи што не сакаа да станат гола илустрација на некаков податок од стварноста, туку повеќе организација на плохи, форми, линии со своевидна декоративна експресивност на целината. Во тие први години графиките на Аврамовски донесоа свет на долапи, бизарни пејсажи, бикови во жестоки преплети или во мирот на забрането движење на нивните тешки, несмасни тела. Ги придружуваа понекогаш круглестите форми на сончогледите, сончеви залези, свиснати рибарски мрежи. И во тој свет како да има малу место за човечката фигура, која во него добива сосема еднаква вредност како и секоја друга негова составка. Архаичните призвуци втиснати во тие необични форми на човечкото тело што го потенцираат, деформираат и практично укинуваат, значат на друг начин изразен немирниот темперамент, сензибилноста и чувствителноста на овој уметник. Човечката фигура понекогаш е предадена монументално и пластично, понекогаш издолжена и бессилна. Некаде во 1959 год., композициите во графиките на Аврамовски стануваат целини што ги држат елементите во напнати, стегнати односи со понекој бизарен детал во нив.

Аврамовски го градеше своето сликарство, без еднолична поврзаност меѓу неговите графики и слики. Последниве, сепак, ја содржат истата општа ликовна проблематика и изразност. Некаде околу 1959 год., а најмногу на неговата заедничка изложба со Менче Спироска, подиференцирано се искажаа сликарските настојувања на Аврамовски. Тие донесоа сликарски израз што низ анализа и транспозиција на фигуративното сликарство се оформи како искажување наситено со напоредно испреплетени експресионистички, симболично-надреалистички и кубистички елементи. Фактурата на сликите од тој период, полна со некаква опорост и недоисказженост, се градеше во хроматика исткаена од наизменични вкрстувања на сурово спротивставени површини боја и партии што меѓусебно се прелеваа низ своевидно сфумато: со доминантните сини, темно-зелена и земјана боја. Овие слики на Аврамовски се вклучуваа во општата клима на свртување на неколку македонски уметници, во тој период од пред шеесеттите години, кон надреализмот и метафизичкото сликарство, често придружено од поуките на кубизмот.

Аврамовски е можеби првиот македонски сликар кој доследно го прифати апстрактното сликарство. Некои негови гвашеви, графики и слики во 1960 година го означија преминот од една, како што тоа го означив, крајно интерпретирана фигурација кон сликарството на кое можеби најмногу му одговара ознаката нонфигуративно, во онаа смисла како што ја определува Бернар Доривал: сликарство што тргнува од содржинско-фор-

мално проучување и интерпретирање на стварноста, за да ја „укине* нејзината привидно едносмислена и еднозначна даденост во сликарството што гради, со свои закони и своја логика (логиката на човековиот творешки акт), нова, ликовна реалност. Во цртежите и графиката, на Аврамовски елиминирањето на фигуративните елементи е всушност само условно, затоа што сиот репертоар на форми од претходната етапа сега е само поинаку користен, поинаку обликуван, компониран и поставен во нова хиерархија на односи и вредности. Присутен е посредно и светот на македонското подрачје, неговиот фолклор; пределите на сонот, фантазијата, поетската калиграфија и деликатност на линијата во графиките, драматиката на композициската структура.

Во последните пет-шест години Аврамовски го градеше своето сликарство низ процес на збирање на формата и филтрирање на податоците што уметниковиот сетивен апарат и богатиот механизам на емоционалниот живот ги поднесуваа на неговата ликовна фантазија, ликовни афинитети и определби. Кај него се среќаваа и наизменични секвенци на висока професионална загриженост за чисто занаетска проблематика и такви, кога судирот на противречни или во даден миг недоволно асимилирани поттици, се означуваа со недоречености во одделни ликовни творби. Љубопитен за новините, Аврамовски во последниве години не остана незасегнат од општиот афинитет кон сликарството на материјата и енформелот. Само, тој никогаш не се одрече од градење некаква своевидна структура на композициите и барем колористичка, пиктурална означеност на формите. Така што енформелот кај него изразува повеќе чувство за структура на боената материја, со сè понагласеното вклучување на партии во фактурата што се градени со подебели нанеси боја. Друг карактеристичен белег е зачестеното присуство на графичкиот, попрецизно на цртачкиот елемент.

Во графиките, цртежите и сликите на Аврамовски од 1965—1966 год., што се прикажани на оваа изложба, уметникот остварува, според мене, нов и несомнено значаен квалитетен чекор во своето творештво. Надминати се некои слабости и отпорности манифестирани во извесни творби од претходните години, најмногу искажани во намалување на еден квалитет што сега, во последниве дела, е манифестиран: градење на ликовно облагородена фактура, пиктурално изнијансирана, хроматски минуциозно и деликатно градена. Во сликите од последните две години Аврамовски како да открива можности за континуитет на апстрактното или, како што сметам поточно е означено, нонфигуративното сликарство. Зашто тој успева емоцијата, чувствениот, инстинктивниот, нагонскиот мисловниот и рационалниот однос и општење со сè она што го претставува неговиот човечки и уметнички хоризонт да го вклучи во своите слики. Поради тоа, привидно апстрактните, привидно неилустративните дела на овој уметник всушност се многу гласни, многу очебијни и полнозначни искажувања за светот на појавностите и за светот на човечката психа. Облагородената фактура на неговите слики сета е единство на деликатни и минуциозни ткаења на боени површини што се слеваат, исчезнуваат, се судруваат едната со друга и во тоа општо комуницирање ја донесуваат пораката на уметникот: една уметност што звучи со топлина, чувствителност, емоционална длабочина и хуманост.

Борис Петровски
директор на Музејот
на современа уметност
Скопје

ДРАГУТИН АВРАМОВСКИ ГУТЕ, *сликар и графичар*

Роден 1931 година во Куманово.
Уметничка школа завршил во Скопје 1951 година.
Академија за применета уметност завршил во Загреб 1955 година.
Студиски боравок во Париз 1959 и 1961 година.
Сега се занимава со педагошка работа, професор е во Школата за применета уметност во Скопје.
Самостојни изложби:
1955 — изложба на графики во Скопје.
Групни изложби:
Како член на ДЛУМ од 1955 година изложувал повеќе пати слики и графики во земјата:

1955 — Изложба на ДЛУМ во Скопје.

1959 — Изложба на слики и графики со Менче Спировска.

1959 — Изложба на графичка секција на ДЛУМ во Битола.

1959 — Изложба на ДЛУМ во Белград.

1961 — Изложба на слики со Ристо Калчевски во Скопје.

1962 — Изложувал графики со Петар Хаџи Бошков и Ивковиќ во Скопје.

1962 — II изложба на југословенската графика во Загреб.

1962 — Изложба на ДЛУМ во Љубљана.

1962 — II биенале на младите во Ријека.

1963 — Изложба на ДЛУМ во Белград.

1963 — Изложба на ДЛУМ во Суботица.

1963 — Изложба на ДЛУМ во Струмица.

1964 — Југословенско триенале на ликовните уметности во Белград.

1964 — Изложба „Југословенски ликовни уметници за градот Вајонт“ во Белград и Скопје.

1964 — Изложба „Современа македонска уметност“ во Собранието на СРМ во Скопје.

1957, 1961, 1963, 1965 — II, IV, V, VI, меѓународно биенале на графиката во Љубљана.

Групни изложби во странство:

1957 — Изложба на југословенска графика во Кина, Бурма, Индија, Лион, Париз.

1957 — I меѓународна изложба на современа графика во Чиле.

1958 — Изложба на современа југословенска графика во Синсинати и Орегон (САД).

1958 — Изложба на југословенската графика во Мексико.

1959/60 — III медитеранско биенале во Александрија.

1959 — Изложба на југословенска графика во Мексико Сити.

1959/60 — Изложба „Современа графика на Југославија* во Лењинград, Москва, Киев.

1962 — VII меѓународна изложба „Bianco e nero“ во Лугано.

1962 — Изложба на југословенска графика во Виена.

1964 — Изложба „Македонска современа уметност“ во Лондон, Брадфорд и Даблин.

1964 — Изложба на југословенска графика во Орегон (САД).

1965 — Изложба на југословенска графика во Куба и Западен Берлин.

1965 — Изложба „Уметноста во Македонија — денеска“ во галеријата Пенелопе во Рим.

1966 — Изложба „Современа македонска уметност“ во галеријата Ботеро во Торино.

Адреса
Драгутин Аврамовски — Гуте
Населба Водно
ул. 954 бр. 4
Скопје

## БИБЛИОГРАФИЈА


Современост бр. 3, март 1956
Графичката изложба на шестмината
Здравко Блажиќ

Современост бр. 4, април 1957
Колективна изложба на графика од македонски ликовни уметници
Томе Момировски

Современост бр. 5, мај 1958
Светлости и визии на нашата графика
Томе Момировски

Современост бр. 5, мај 1959
Трета изложба на графичката секција на ДЛУМ
Современост бр. 9, септември 1961
Кон почетокот на ликовната сезона
Томе Момировски

Политика, 16 ноември 1957
Современа македонска графика
П. В.

Борба 29, март 1953
Изложба ликовних уметника Македоније
Алекса Челебоновиќ

Борба, 1 септември 1958.
Изложба слика Аврамовског и Мазева
Борба, 29 мај 1963.
Уметници из Скопља
Драгослав Ѓорѓевиќ

Полја, Нови Сад
Вјесник у среду, Загреб
La voce republicana, 21 dekemvri, 1965, Rim
Македонски уметници во „Пенелопе"
В. Ап.

L'Unità, 15 dekemvri 1965, Rim.
Македонски илустратори и енформелисти
Дарио Микаки

Cronache d'arte di cultura, 28 dekemvri 1965, Rim
Римска галерија
Виче

Paese-Sera, 11 dekemvri 1965, Rim
Македонска Уметност во Галерија „Пенелопе"
Виче

Каталог на Галерија „Пенелопе", Рим.
Уметноста во Македонија денеска
Борис Петковски

Каталог од Галерија, Ботеро, Торино
Современа Македонска уметност
Борис Петковски

La Stampa, 8 januari 1964, Torino.
Десет југословенски уметници на една изложба во Торино
Марциано Бернарди

Нова Македонија, 6. VI. 1957 год.
Графиките на Драгутин Аврамовски — Гуте на 2 меѓународни изложби (Чиле, Љубљана)

Р. П.

Нова Македонија, 7. VI. 1959 година
Заедничката изложба на Аврамовски Драгутин — Гуте и Менче Спировска

Јован Димовски

Нова Македонија, 15. IX. 1961 година
Сликарство инспирирано од реалниот свет

Ксенија Гавриш

Нова Македонија, 1. X. 1961 година
Заедничката изложба Аврамовски Драгутин и Ристо Калчевски

Јован Димовски

Нова Македонија, 27. V. 1962
Графика — сликарство — скулптура (Гуте, Хаџи Бошков, Ивковиќ)

Ксенија Гавриш

Нова Македонија, 14. VI. 1962
Три познати имиња (Гуте, Хаџи Бошков, Ивковиќ)

Јован Димовски

Нова Македонија, 23. V. 1963
Изложба на четворица ликовни уметници во Белград (Хаџи Бошков, Кондовски, Шијаковиќ, Гуте)
„МАКЕДОНИЈА“ (Матица на иселениците на Македонија, февруари, 1957)
Сезона на младите сликари (Мазев, Спировска, Гуте, Хаџи Бошков)

И. Ивановски

Млад борец 16. III. 1961
Поднебје на драматични судири

Владо Урошевиќ

Млад борец 5. X. 1961
Три изложби

Владо Урошевиќ

Млад борец 31. V. 1962
Три изразити индивидуалности

Владо Урошевиќ

Разгледи бр. 16, VII. 1956
Изложба на петмината

Александар Ѓурчинов

Разгледи бр. 10, мај 1957
Прва графичка изложба

Антоние Николовски

Разгледи бр. 7, април, 1958
II графичка изложба

Антоние Николовски

Хоризонт, бр. 11, јули 1956
Импресии од изложбата на петмината

Шуковиќ — К. Ристески

Хоризонт бр. 2, март 1956
Шестмина ни се претставуваат со графика

Славко Јаневски

Културен живот, бр. 10, октомври 1951
Две изложби (Поповски, Аврамовски, Калчевски)

Борис Петковски

La première exposition personnelle de Dragutin Avramovski — Guté est le fruit d'une création de dix ans dans le domain de l'art: période suffisante pour que se forment les caractèristiques essentielles d'une physionomie artistique donnée. Engagé par plus d'une côté bien présent par la richesse des affinités et de la réalisation dans notre vie artistique, Avramovski — Guté est le répresentant d'une importante génération de l'art pictural contemporain en Macédoine, génération qui après la guerre s'est formée à l'École d'art à Skopje et aux académies de Belgrade, Ljubljana et Zagreb. C'est ainsi qu'Avramovski à l'Académie d'art appliqué de Zagreb a donné structure à ses prenitères découvertes picturales du monde.

Cet artiste apparait dans notre monde pictural avec les créations graphiques formées grâce à un procédé qui éventuellement peut se définir comme figuration interpretée. Dès ses premières pas dans le sentier de l'expression picturale apparaît chez Avramovski la caractèristique suivante: tout ce que lui offre l'ambiance de son existence comme peintre devient un facteur potentiel qui contribue à l'èlaboration picturale sur le plan de l'émotion esthètique. C'est à juste raison qu'on dit de lui qu'il est „un de peintres ... qui, redécouvrent et touchent avec amour essentiel de ce climat en révélant les enveloppes des impressions furtives et en pénétrant une synthèse picturale du monde dont les éléments se composent de formes vitales solidement implantées et de la symbolique la plus ancienne des rêves des gens qu'y vivent" (V. Urošević).

Ainsi Avramovski fait-il partie de la pléiade des jeuns artistes macédoniens contemporains à travers la création desquels se réalisait un processus de naissance, d'élaboration et de formation de l'expression picturale macédonienne contemporaine. Ce tournant est de la plus haute importance et d'une portée lointaine en tant que synthèse et résultante de quelques composants de base.

L'une d'elles est précisement l'effort des jeuns peintres macédoniens pour acquérir la qualification professionnelle la plus haute possible dans le pays ainsi qu'à l'étranger. De plus, ils avaient suivi dejà dès les classes et les ateliers des académies le fil ininterrompu des influences, des imitations et de l'assimilation des mondes de la peinture etrangère qui élargissent de plus en plus leur horizon Enfin, leur intérêt fut de plus en plus grand ainsi que leur facilité d'absorption, et des valeurs de la culture complexe de la tradition picturale macédonienne qui allait de part avec leur attitude critique envers les opinions d'autres milieux de la peinture.

On peut dire qu'une grande part appartient à ces procédés picturaux abstraits qui transforment et créent une étroite liaison avec les caractéristiques ethniques, psychologiques et locales de ce pays. Le trait essentiel de l'art d'Avramovski est une certaine fusion sensuelle et atavique avec l'atmosphère méditerranèenne: il est un de ces peintres macédonins qui ont hérité dans leur sang l'ancien attachement païen au pays et en même temps toute la fantaisie poètique, symbolique et mythique de l'Antiquité.

D'un autre côté tous ces enchevétrements et les influences d'une quantité des impulsions hétérogennes contribuent sans doute à une incertitude, à une ambivalence et à un caractère inachevé dans le procédé pictural direct. L'obstacle de base se trouve précisement antre les niveaux des influences et impulsions liées à une ambiance traditionnelle etroite et à l'attirance des courants vitaux et artistiques contemporains.

Ce problème — chef dans la structuration de l'expression de l'art macédonien contemporain est contenu implicitement dans la création graphique et picturale d'Avramovski. Et chez lui intervient le phenomène dramatique qui représent une courte transition agitée, tendue, entre l'antichambre d'une expres-

sion picturale moderne et une implication complexe et souvent contradictoire du drame de l'art du XX$^{e}$ siècle. Nous couvons mentionner qu'un tel processus, chez nous, n'a jamais été ni n'est aujourd'hui apprécié de la même façon ou soutenu et accepté, L'évolution graduelle de ces procédés picturaux montre une progression logique. Ces procédés se développent selon une analyse et une transformation d'une création picturale donnée, pour qu'ensuite s'effectue une synthèse entre ses composants essentiels intérieurs et une nouvelle occupation, tendance ou stimulant. C'est ainsi qu'Avramovski, dans sa création, passe par différentes phases grâce auxquelles il réalise son potentiel créateur.

Avramovski, un de nos plus éminents et féconds graveurs, dès ses debuts s'est exprimé dans ses gravures par des formes construites selon une stylisation fortement archaïque et expressionniste. Les formes avaient fonction de symboles pour les objets, les animaux et les êtres humains, formes qui apparaissaient comme un diagramme emprunté à l'art des icônes; se traduissaient en compositions qui ne devaient pas être l'illustration nue d'une certaine donnée de la réalité, mais plutôt une organisation de plis, de formes, de lignes qui exprime une unité décorative. Dans les premières années les gravures d'Avramovski ont revélé un monde d'armoires, de paysages bizarres, de taureaux combattant, ou reposant leurs corps lourds et trapus. Parfois des formes rondes de tournesols s'y joignaient, de même que des couchers de soleil, des filets de pêcheurs. Et dans ce monde aussi il y a peu de place pour la personne humaine, dont la valeur pourtant est égale à tout autre composant de ce monde. Les échos archaïques, figés dans ces formes inhabituelles du corps humain le mettent en évidence, le deforment et finalement l'abolissent, représentent en effet la sensibilité, le tempérament inquiet de cet artiste exprimés d'une autre façon. La personne humaine est parfois momentanement présentée plastique, allongée sans forces. Vers 1959 les compositions de gravures d'Avramovski deviennent des unités qui contiennent des éléments dans des relations compacts et tendues, incorporant quelques details bizarres.

Avramovski élaborait son art sans enchaînements monotones entre ses gravures et ses tableaux. Ces dernières contiennent tout de même la même problèmatique picturale et la même expression. Vers 1959 et encore plus lors de son exposition avec Menče Spiroska, se sont exprimées ses tendances picturales. Ils apportaient un art qui par une analyse et une transposition de la peinture figurative exprime des éléments cubistes et surréalistes. La facture des tableaux de cette période, empreinte d'une certaine âpreté retenue se developpait chromatiquement selon des couleurs contrastées ou des couleurs fondues: bleu dominant, vert foncé, couleur terre. Ces tableaux d'Avramovski, s'incorporaient dans la tendence générale de quelques artistes macédoniens qui dans la période des années 60 s'inspiraient du surréalisme et de la peinture métaphysique et cubiste.

Avramovski est peut-être le premier peintre macédonien qui a suivi fidèlement la peinture abstaite. Certains de ces gouaches, tableaux et gravures de 1960 ont marquê la transition d'une figuration orrientée finalement vers une peinture qui, peut-être, correspond beaucoup plus à la notion de l'art figuratif dans le sens du mot donné par Bernard Dorival: une peinture qui part de l'étude du sujet et de la forme et de l'intérprétation de la réaileté pour annuler sa fictivement simple donnée dans la peinture qui construit une nouvelle réalité picturale d'après ses lois et sa logique (la logique de l'acte créatif humaine).

Dans les gravures d'Avramovski l'élimination des élements figuratifs n'est qu'éventuelle car le répertoire entre des formes de l'étape précédente est utilisé differement, formulé, composé et ordonné dans-une nouvelle hierarchie de relations et de valeurs. Le monde macédonien y est indirectement présent ainsi que son folklore, la fantaisie, le rêve, la calligraphie poétique et la delicatesse de la ligne dans la gravure et la „dramatique" de la structure.

Des les dernières 5 ou 6 années Avramovski a développé son art par une processus de condensation des formes, infiltrant les données apportées à sa fantaisie artistique, à ses affinités et ses préferences, par ses sens et le riche mécanisme de sa vie émotionnelle. On rencontrait chez lui aussi des séquences alternées d'une très grande inquiètude professionnelle par une problèmatique purement artisanale. D'autre part, on rencontrait des périodes de heurt de certains stimulants contradictoires ou insuffisamment assimilés pendant lesquelles certaines compositions étaient presque inachevées. Curieux de nouveautés, Avramovski dans les dernières années, n'était pas à l'abri des influences de la peinture „materielle" et de „l'informel". Seulement il n'a jamais renoncé à l'élaboration d'une certaine structure personnelle dans la composition, à une expression des formes picturales et des couleurs . C'est ainsi que chez lui, l'informel exprime un sentiment de la structure de la matière colorée, avec une implication de certaines parties dans lesquelles la facture a pour base des couches plus épaisses de couleurs. Un autre trait caractéristique est la fréquente présence de l'élément graphique, plus précisément celui du dessin.

Dans les gravures, les dessins et les tableaux du 1965 — 1966, présentés à cette exposition l'artiste réalise, à mon avis, un pas nouveau et sans doute considérable dans sa création. Il at dépassé certaines faiblesses qui marquaient les oeuvres des années précedentes; dans ses dernières oeuvres les qualités suivantes sont manifestées: construction d'une facture picturale plus noble, plus nuancée, elaborée minutiuesementet avec une grande delicatèsse chromatique. Dans les tableaux des deux dernières années, Avramovski révèle les possibilités d'une continuité dans l'abstrait oú il est plus exactement marqué, à mon avis par la peinture non figurative. Avramovski réussi à lier dans les tableaux l'émotion, la sensibilité, les relations instructives rationnelles avec tout ce qui représente son horizon humain et artistique.C'est pourquoi les oeuvres apparement abstraites, non figuratives, de cet artiste sont en effet très trappantes en représentant les maniféstations du monde et de l'âme humaine. La facture plus noble de ses tableaux est une unité dans les surfaces minitieusement colorées: elles se fondent, disparaissent, se heurtent les unes les autres et dans cette communication génèrale elles apportent le message de l'artiste: un art de chaudes résonnances, de sensibilité, de profondeur d'emotion et de l'humanité.

Boris Petkovski

DRAGUTIN AVRAMOVSKI GUTÉ, peintre et graveur

Né 1931 à Koumanovo. Termine ses études artistiques à Skopje 1951.
Etude à l'Académie des arts appliqués à Zagreb 1955.
Voyage d'études à Paris 1959 et 1961.
Maintenant s'occupe du travail pédagogique comme professeur à l'École des arts appliqués à Skopje.
Expositions individuelles:
1955 — Exposition des gravures à Skopje.
Expositions collectives:
Membre de DLUM il expose plusieurs fois des peintures et des gravures dans son pays.

1955 — Exposition de DLUM à Skopje.
1959 — Exposition des gravures et des peintures avec Menče Spiroska.
1959 — Exposition de la séction graphique à Bitola.
1959 — Exposition de DLUM à Belgrad.
1961 — Exposition des peintures avec Risto Kalcevski à Skopje.
1962 — Expose des gravures avec les artistes Petar Hadži Boškov et Ivković à Skopje.
1962 — II exposition de la gravure à Zagreb.
1962 — Exposition de DLUM à Ljubljana.
1962 — II Biennale des Jeunes à Rijeka.
1963 — Exposition de DLUM à Belgrad.
1963 — Exposition de DLUM à Subotica.
1963 — Exposition de DLUM à Strumica.
1964 — Triennale yougoslave des beaux arts à Belgrad.
1964 — Exposition „Artistes yougoslaves pour la ville de Vaillont", à Belgrad et à Skopje.
1964 — Exposition „Art Macédonien contemporain", dans l'Assemblée de SRM.
1957, 1961, 1963, 1965 — II, IV, V et VI Biennale Internationale de gravure à Ljubljana.

Expositions collectives à l'étranger:

1957 — Exposition de la gravure yougoslave à Chine, Birmanie, Inde, Lion, Paris.
1957 — I Exposition internationale de la gravure contemporaine à Chili.
1958 — Exposition de la gravure yougoslave contemporaine à Cincinati et à Oregon (USA).
1958 — Exposition de la gravure Yougoslave à Mexico.
1959/60 — III Biennale mediterannéenne en Alexandrie.
1959 — Exposition de la gravure yougoslave à Mexico Sity.
1959/60 — Exposition „Gravure contemporaine yougoslave" à Leningrad, Moscou et Kiev.
1962 — VII Exposition internationale „Bianco e nero" à Lugano.
1962 — Exposition de la gravure yougoslave à Vienne.
1964 — Exposition „Art macédonien contemporain à Londres, Bradford et Dublin.
1964 — Exposition de la gravure yougoslave en Oregon (USA).
1965 — Exposition de la gravure yougoslave à Kuba et à Berlin Occidentale.
1965 — Exposition „L'art en Macédoine — aujourd'hui" dans la galèrie Penelope à Rome.
1966 — Exposition „L'art macédonien contemporain" dans la galèrie Botero à Torine.

Adresse:
Dragutin Avramovski — Gute
Naselba Vodno, ul. 954, br. 4, Skopje.

BIBLIOGRAPHIE


Nova Makedonia, 6-VI-1957.

Les gravures de Dragutin Avramovski—Guté à deux expositions internationales (Chili, Ljubljana).
R. P.

Nova Makedonia, 7-VI-1959.

Exposition collective d'Avramovski Dragutin et Menče Spirovska.
Jovan Dimovski

Nova Makedonia, 15-IX-1961.

La peinture inspirée du monde reel.
Ksenija Gavriš

Nova Makedonia, 1-X-1961.

Exposition collective d'Avramovski Dragutin et Risto Kalcevski.
Jovan Dimovski

Nova Makedonija, 27-V-1962.

Gravure-peinture-sculpture (Guté, Hadji Bochkov, Ivkovich)
Ksenija Gavriš

Nova Makedonija, 14-VI-1962.

Trois noms connus (Guté, Hajdi Bochkov, Ivkovich)
Jovan Dimovski

Nova Makedonija, 23-V-1963.

Exposition des trois artistes à Belgrad (Hadji Boškov, Kondovski, Chijakovich, Avramovski Dragutin)

„Makedonija" (Matica na iselenicite na Makedonija, février 1957)

La saison des jeunes peintres (Mazev, Spirovska, Avramovski, Hadji Bochkov)
I. Ivanovski

Mlad borec, 16-III-1961.

Ciel des heurts dramatiques
Vlado Urochevich

Mlad borec 5-X-1961.

Trois expositions
Vlado Urochevich

Mlad borec, 31-V-1962.

Trois individualités expressives
Vlado Urochevich

Razgledi, br. 16, juillet 1956.

Exposition de cinq artistes
Alexandre Gurtchinov

Razgledi, br. 10, mai 1957.

Première exposition graphique
Antonie Nikolovski

Razgledi, br. 7, april 1958.

II exposition graphique
Antonie Nikolovski

Horizont, br. 11. juillet 1956.

Impressions de l'exposition de cinq peintres
Chukovich—Risteski

Horizont, br. 2, mars 1956.

Six artistes se présentent avec gravure
Slavko Janevski

Kulturen život, br. 10, octobre 1961.
Deux expositions (Popovski, Avramovski et Kalcevski)
Boris Petkovski
Sovremenost, br. 3, mars 1956.
Exposition graphique de six artistes
Zdravko Blajich
Sovremenost, br. 4, avril 1957.
Exposition collective de gravure des artistes macédoniens
Tome Momirovski
Sovremenost, br. 5, mai 1958.
Lumières et visions de notre gravure
Tome Momirovski
Sovremenost, br. 5, mai 1959.
Troisième exposition de la séction graphique de DLUM
Sovremenost, br. 9, septembre 1961.
Vers le debut de la saison artistique
Tome Momirovski
Politika, 16 novembre 1957.
La gravure macédonienne contemporaine
Pavle Vasic
Borba, 29 mars 1953.
Exposition des artistes de la Macédoine
Aleksa Tchelebonovich
Borba, 1 septembre 1958.
Exposition des peintures de Mazev et d' Avramovski
Borba, 29 mai, 1963.
Les artistes de Skopje
Dragoslav Djordjevich
Polja, Novi Sad
Vjesnik u sredu, Zagreb
La voce republicana, 21 décembre 1965, Rome.
Les artistes macédoniens à „Penelope"
V. Ap.
L'Unita, 15 décembre 1965, Rome.
Illustrateurs et informelistes macédoniens
Dario Micachi
Cronache d'arte di cultura, 28 décembre 1965, Rome
Galèrie de Rome
Vice
Paese-Sera, 11 décembre 1965, Rome.
L'art macédonien dans la galèrie „Penelope"
Vice
Catalogue de la galèrie „Penelope", Rome:
L' art de la Macédoine aujourd'hui
Boris Petkovski
Catalogue de la galèrie Botero, Torine:
Art macédonien contemporain
Boris Petkovski
La Stampa, 8 janvrier 1964. Torine.
Dix artistes macédoniens à une exposition à Torine
Marciano Bernardi




AVRAMOVSKI
DRAGUTIN






AVRAMOVSKI
GUTE
1965

предговор: Борис Петковски директор на Музејот на современа уметност

превод: Жак Руле
Соња Абациева

плакат: Ст. Петровиќ

прелом на каталог: Аврамовски — Гуте
поставка на изложбата: Аврамовски — Гуте
печатено во Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје